Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] за интервенција на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (чемпрес), кое се наоѓа на **ул. "Среќко Пужалка" бр. 76 А – Скопје.**
2. Сечење на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечење на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обврзува ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото дрво.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted] поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/11** од **05.01.2024** година, за сечење на дрво што се наоѓа на **ул. "Среќко Пужалка" бр. 76 А – Скопје.**

Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека, дрвото предмет на барањето е старо стебло, високо, обраснато со бршлен и навалено кон станбена куќа. Дрвото е со плитки корени и при невреме постои опасност од негово паѓање и причинување на материјална или друга штета. Не постојат услови за негово пресадување.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека состојбата во која се наоѓа дрвото, не дозволува негово пресадување односно за истото е потребно да се овозможи сечење, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/11/3**
**14.02.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:
______________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Ѓуровиќ**
______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________